**ООУ„Гоце Делчев“- с. Љубанци**
**Адреса: ул: „7” бр.90, Општина Бутел, Скопје**
**Телефон/факс: 02 / 2661-250, gocedelcev_ljubanci@yahoo.com**
**https://www.oougocedelcevljubanci.edu.mk/**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско Основно училиште
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Бр. 03-240
3.10 2023 год.
с.Љубанци Општина Бутел-Скопје

**ПОВИК ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИК ПРАВОБРАНИТЕЛ И ЗАМЕНИЦИ УЧЕНИЦИ ПРАВОБРАНИТЕЛИ**

***ООУ „Гоце Делчев“, с. Љубанци***

***објавува повик за избор на Ученик правобранител и Заменици ученици правобранители.***

***Ученикот Правобранител претставува ученик кој ќе се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој ќе има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави на сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во/вон училиштето*** *(Училишен кадар и Народен правобранител).*

I УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Право на пријавување за функцијата Ученик правобранител: **ученици/чки од 7 и 8 одделение.**

Право на пријавување за функцијата заменик Ученик правобранител: **ученици/чки од 6, 7 и 8 одделение во основно училиште.**

II НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Документи за пријавување: **пријава и мотивационо писмо.**

Заинтересираните кандидати можат да подигнат **пријава** од **педагошко – психолошката служба** во училиштето. Истата, кандидатите потребно е да ја пополнат и достават до педагошко – психолошката служба.

Мотивационо писмо се доставува во слободна форма.

**Краен рок за поднесување на документите**: 9.10.2023

ООУ„Гоце Делчев“- с. Љубанци
Адреса: ул: „7” бр.90, Општина Бутел, Скопје
Телефон/факс: 02 / 2661-250, gocedelcev_ljubanci@yahoo.com
https://www.oougocedelcevljubanci.edu.mk/

III КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Селекција на пријавените кандидати и избор ќе врши **педагошко – психолошката служба** според следните критериуми:

- **пол,**
- **возраст,**
- **основно познавање на детски права,**
- **мотивација за пријавувањето,**
- **комуникациски и организациски способности,**
- **етничка припадност,**
- **претходно искуство односно вклученост во вон-наставни активности.**

IV РАБОТНИ ОБВРСКИ на Ученикот Правобранител и неговите заменици:

- **Учество на воведна обука за улогата и обврски на Ученикот правобранител, организирана од страна на педагошко – психолошката служба / Тимот за примена на Ресурсен Пакет**
- **Промовирање на правата на детето во училиштето преку едукативни – врснички работилници и информативни настани**
- **Прибирање на претставки – поплаки од учениците (препознавање на прекршување на детските права и обезбедување заштита за почитување на детските права)**
- **Редовна комуникација и координација со педагошко – психолошката служба**

**Мандатот на избраниот Ученик правобранител и замениците правобранители е 2 (две) учебни години.**

Лице за контакт: Анета Мицевска-психолог

град Скопје /датум 3.10.2023